# ВОВЕД

Истражувањето, објаснувањето и понирањето во суштината, природата и остварувањето на процесот на самоуправното одлучување се вклопува во општите напори на работничката класа и сите работни луѓе и граѓани, предводени од Сојузот на комунистите како нивна авангарда, за натамошен развој на самоуправните социјалистички односи и обезбедување на доминантната позиција на работничката класа во општеството. Научното согледување на процесот на самоуправното одлучување отвора можности за негово натамошно доизградување и зацврстување во самоуправната практика и за остварување на улогата на работниот човек како субјект и носител на одлучувањето за општествените прашања и проблеми, како управувач со општествените средства и општествените работи.

Самоуправувањето како интегрална и револуционерна идеја и практика во себе го содржи одговорот како работничката класа да се "организира како држава", односно да стане градител и носител на сопствената судбина и историја и да одлучува за општествените работи.

Самоуправувањето бара и свој соодветен модел на одлучување кој ќе го овозможи неговото преточување во практиката. Самоуправувањето не е само одлучување. Тоа е поширока категорија од одлучувањето и не може да се сведува на него, меѓутоа, одлучувањето е средишниот елемент на самоуправувањето. Тоа го овозможува "контактот" помеѓу работничката класа и нејзината револуционерна активност во менувањето на општествената практика. Самоуправувањето секогаш како битен елемент го претпоставуваше и го претпоставува самоуправното одлучување. Во онаа мера во која самоуправувањето беше и е основен белег на револуционерната акција на пролетеријатот во таа

мера беше и е присутно и самоуправното одлучување, а особено во Парискатa комуна, во РСФРС (младата советска република) и во југословенската социјалистичка револуција и самоуправно општество.

Самоуправното одлучување, како најефикасен и најрационален модел на одлучување за општествените работи, е непосредно општествено одлучување. Со Уставот на СФРЈ од 1974 година и Законот за здружениот труд тоа станува интегрален и доминантен модел на одлучување во нашето самоуправно социјалистичко општество. Сеуште присутните други модели се во функција на овој модел и на дадениот степен од општествениот развој го надополнуваат во неговата ефикасност. Зацврстувањето на самоуправното одлучување значи постепено надминување на овие модели. Самоуправното одлучување е сложен процес на одлучување. Тоа е интересно-класен процес, кој се протега на сите нивоа од општествената структура - од ОЗТ и МЗ до федерацијата и во сите пори од општествениот живот и труд. Самоуправното одлучување во себе вклучува воедно и повеќе аспекти (социолошки, политиколошки, економски, етички, психолошки и други).

Во нашето самоуправно социјалистичко општество секојдневно тече процесот на самоуправното одлучување во кој самоуправувачите донесуваат одлуки за сите прашања од животот и трудот. Што е суштината на самоуправното одлучување? Што е суштината на самоуправната одлука? Процесот на самоуправното одлучување треба да овозможува слободна афирмација и усогласување на автентичните интереси на работните луѓе и да доведе до одлука која ќе биде најповолна резултанта, синтеза на сите овие интереси - на плурализмот на самоуправните интереси во услови на самоуправување и на општествена сопственост врз средствата за производство. Колку самоуправното одлучување е остварено во оваа смисла во самоуправната практика? Носител и субјект на севкупниот процес на самоуправното одлучување треба да биде работниот човек организиран во основните самоуправни организации и заедници. Колку овој организиран работен човек

успеал да го "освои" овој процес и да се оствари во оваа своја улога? Тоа се, воглавно, прашањата кои се во сферата на интересот на нашиот истражувачки напор презентиран во овој труд. Очигледно е дека теоријата на самоуправувањето недоволно се осврнувала на овие значајни прашања од остварувањето на самоуправувањето. Очигледно е, исто така, дека процесот на самоуправното одлучување и остварувањето на активната и креативната улога на работниот човек во него треба да се проучува и од аспект на барањето на причините за сеуште не докрај остварените самоуправни можности на работниот човек во овој процес. Практиката покажува дека самоуправните можности се поголеми од вистинското остварување на процесот на самоуправното одлучување и на улогата на работниот човек во него.

Овој труд има за цел да ги збогати, во определена мера, теориските размислувања за самоуправното одлучување. Меѓутоа, во него се зафатени, покрај теориските размислувања и практичните прашања на методологијата и техниката на самоуправното одлучување со цел да се илустрираат овие размислувања. Притоа, исто така, се навлегува и во некои други прашања од развојот на социјалистичкото самоуправување во онаа мерка колку тие се поврзани и се однесуваат на предметот за кој расправаме и придонесуваат во откривањето на неговата суштина.

Поаѓајќи од тоа дека општествено-политичките организации, предводени од Сојузот на комунистите, се вградени во процесот на самоуправното одлучување и заедно со работните луѓе и граѓаните ја делат одговорноста за неговата "судбина", посветивме дел од трудот и на оваа проблематика.

Инаку, во подготвувањето на трудот се користени, покрај другото, статистички материјали, резултати од емпириски истражувања, резултати од личното посматрање, анализа на самоуправни акти и одлуки од самоуправните заедници и организации, методот на индукција-дедукција и генерализација-конкретизација.